Уп. Бр. 08-101/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Мавие Некст ГмбХ, со седиште на Ротхсцхилдплатз 4, 1020 Виена, Австрија, преку адвокат Андреа Лазаревска, од Скопје, на седницата одржана на ден 21.08.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Мавие Некст ГмбХ, со седиште на Ротхсцхилдплатз 4, 1020 Виена, Австрија, планира да стекне мнозинство од акциите и единствена контрола врз Цура Домо Холдинг ГмбХ, со седиште на Мулгасе 13, 2320 Швечат, Австрија, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 08.07.2024 година, а дополнето на 09.07.2024, на 12.07.2024 година и на 05.08.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Мавие Некст ГмбХ, со седиште на Ротхсцхилдплатз 4, 1020 Виена, Австрија, со која Мавие Некст ГмбХ, планира да стекне мнозинство од акциите и единствена контрола врз Цура Домо Холдинг ГмбХ, со седиште на Мулгасе 13, 2320 Швечат, Австрија, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз

основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Мавие Некст (претходно Санус Екс ГмбХ (*Sanus X GmbH*)) е поврзано друштво на Групацијата УНИКА ("**УНИКА**"). УНИКА е групација на друштва предводена од УНИКА Иншуранс Груп АГ (*UNIQA Insurance Group AG*), Австрија која обезбедува осигурителни производи и услуги првенствено во Австрија, Централна и Источна Европа.
УНИКА е присутна во Северна Македонија преку две претпријатија-ќерки, УНИКА АД Скопје и УНИКА Лајф АД Скопје.

Уника АД Скопје има регистрирано седиште на Булевар Илинден 1, Скопје Карпош, Република Северна Македонија, со ЕМБС 5896100, со регистрирана дејност – неживотно осигурување.
Уника Лајф АД Скопје има регистрирано седиште на Булевар Илинден 1, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, со ЕМБС 6712339 со регистрирана дејност – осигурување на живот.

Цура Домо Холдинг ГмбХ е семеен бизнис во Австрија со средна големина. Нуди услуги во областа на 24-часовна домашна нега, домови за нега (помош во секојдневниот живот) и управување со објекти.
Цура Домо Холдинг ГмбХ нема претпријатија-ќерки во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**